Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 19.9.2017 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за утврдување на категорија на угостителски објект

1. Со ова решение се утврдува дека угостителскиот објект **Квинс Хотел** со седиште на ул.Васил Ѓоргов бр.16, Скопје, ги исполнува условите за Хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.
3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб страната на Владата на Република Македонија.

## Образложение

ДУТТ Квинс Хотел ДОО со седиште на ул.Васил Ѓоргов бр.16 - Скопје, поднесе барање УП I 13-142 од 28.2.2017 година за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект **Квинс Хотел** Скопје, со седиште на ул.Васил Ѓоргов бр.16 - Скопје, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди.
Комисијата за категоризација на угостителски објекти, постапувајќи по барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај УП I 13-142 од 4.8.2017 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири ѕвезди пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност - Прилог 1 („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/13).
Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Македонија, на предлог на Комисијата за категоризација на угостителски објекти донесува Решение за утврдување на категорија на угостителски објект.
Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект се издава со важност од три години.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Бр. 44-5064/1**
**19 септември 2017 година**
**С к о п ј е**

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

м-р Радмила Шекеринска-Јанковска